Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

Извадок на дел од дневни настани 08.06.2020

На 07.06.2020 во 17.10 часот, за време на забраната за движење, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Никола Карев", при извршен преглед кај Б.Р.(20) од Скопје, пронашле еден гасен пиштол, една рамка со пет куршуми и една чанта со 21 куршум. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.06.2020 околу 14.30 часот, во гостиварско Чајле, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода Б.Ф.(41) и И.М.(30), двајцата од Гостивар, затоа што при преглед кај нив бил пронајден кокаин. Двајцата се задржани во Полициската станица Гостивар за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

Во периодот од 22.00 часот на 07.06 до 04.00 часот на 08.06.2020, во заедничка акција на полициски службеници од Полициска станица за граничен надзор „Охридско езеро" и службени лица од Државниот инспекторат за земјоделство, при контрола во водите на Охридско Езеро, наспроти с.Калиште, струшко, на околу 1 км од брегот, пронашле повеќе рибарски мрежи со улов од риба, кои се подигнати за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 07.06.2020 околу 08.00 часот од полициски службеници, на паркинг од угостителски објект на магистрален пат Гевгелија - Демир Капија, во патничко возило „фолксваген пасат", со кавадаречки регистарски ознаки, биле пронајдени девет лица мигранти од Пакистан, Бангладеш и Сирија. За настанот е известен Јавен обвинител. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Полициска станица Валандово.

На 07.06.2020 во 12.00 часот било пријавено дека на ул.„Фуштанска" во Скопје се случила сообраќајна незгода во која мотоцикл „хонда ЦРФ", без регистарски ознаки, управуван од А.С.(25) од Скопје удрил во патничко возило „опел астра", со скопски регистарски ознаки, кое било паркирано од М.П.(35) од Скопје. Во незгодата, мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 07.06.2020 во 15.30 часот било пријавено дека на крстосница од ул.„300" и ул.„260" во Куманово се случила сообраќајна незгода помеѓу четирицикл „јамаха", со бугарски национални ознаки, управуван од С.Ј.(46) од Куманово и велосипед управуван од шестгодишно дете од Куманово. По незгодата, велосипедистот бил пренесен во Општата болница Куманово за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Куманово.

На 07.06.2020 во 15.00 часот, И.З.(65) од Скопје пријавил дека на ул.„515" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатите денови (04, 05, 06 и 07.06.2020) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје санкционирани се три возила, бидејќи биле нерегистрирани, тројца возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило, еден возач бидејќи поминал на црвено светло, а 33 возила се подигнати со специјално возило „пајак".
На 08.06.2020 во 01.35 часот, за време на забраната за движење, полициски службеници од СВР Скопје на ул.„Перо Наков" ги затекнале М.Н.(24) и И.Б.(40), двајцата од Скопје, а од извршениот преглед кај М.Н. биле пронајдени прашкаста материја, таблети, два ножа и еден сигнален пиштол наполнет со три капсили. Двајцата биле приведени и по целосно расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 07.06.2020 во 23.00 часот било пријавено дека во двор на ул.„Мелничка", поради претходно меѓусебно нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.З.(42), М.В.(27), М.З.(37), И.З.(42) и К.З.(65). Сочинети биле записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 08.06.2020 во 00.20 часот, Б.П.(52) од Скопје пријавила дека на 07.06.2020 околу 20.00 часот во с.Орман, во комплекс згради во круг на детско игралиште, А.Т.М.(28) од Скопје со употреба на физичка сила и закана одзела мобилен телефон од нејзината 12 - годишна ќерка. Се работи на расчистување на случајот.

На 07.06.2020 во 12.50 часот било пријавено дека во с.Крушопек, Ј.Ј.(55) од с.Крушопек, скопско, поради меѓусебно нетрпение, бил физички нападнат од Н.Ј.(61), Б.Ј.(39) и Б.Ј.(35), сите од с.Крушопек. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 07.06.2020 околу 15.30 часот, на улица „Блок 70" во Тетово, пред станбена зграда, полициски службеници на СВР Тетово пронашле марихуана, оставена зад сандаче.
Марихуаната е фотодокументирана и подигната за вештачење. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против У.Р.(48) од Ресен, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад на службено лице при вршење на работи на безбедноста". На 22.05.2020, пријавениот со метален предмет физички нападнал полициски службеник кој вршел службени дејствија.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Берово поднесе кривична пријава против А.З.(22) од Берово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста". На 11.05.2020 на крстосница на ул.„Страшо Пинџур" со ул. „Цветан Димов" во Берово, при разминување со друго возило, пријавениот упатил вербална закана по животот на Е.А. од Берово и по животот на нејзиното семејство.

На 07.06.2020 во 18.30 часот, В.С.(32) од Тетово во СВР Тетово пријавил дека на улица „180"–Блок 70 во Тетово бил физички нападнат од С.С.(23), исто така, од Тетово, кој со уште неколку други лица, пред зградата во која живеел, го нарушувале јавниот ред и мир и биле предупредени од В.С. С.С. и В.С. се лишени од слобода и задржани во Полициската станица Тетово за расчистување на случајот.

Регионалниот центар за гранични работи Запад поднесе кривична пријава против С.Г.(51) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". На 27.05.2020, при негово сместување во објект за државен карантин во Струга, пријавениот пред полициските службеници од ОВР Струга се легитимирал со исправа издадена на негово име во Италија, документ издаден во СР Германија и потврда од 21.02.2019 издадена од СВР Скопје, Одделение за управни работи, со која тврдел дека е странец и дека нема македонско државјанство. По извршени проверки, Одделението за управни работи при СВР Скопје, известило дека во нивните евиденции не била заведена потврда од 21.02.2019 и дека одговорното лице кое било потпишано на потврдата во 2019 година не бил вработен во МВР.

СВР Струмица поднесе 16 кривични пријави против: Б.В., С.С., Ј.В., К.П. и И.А., сите пет од Гевгелија, М.Ј., М.Ј., Т.П., А.К., В.Н., Д.М., Љ.Г., сите седум од Богданци, Г.Н. од Скопје, Р.З. од Чашка - Велес, Т.К., З.С., од Ѓавато - Богданци, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". Пријавените не се придржувале кон воведената мерка за ограничено движење.